Educational Foundation
Project Management Institute.

Junior Achievement Macedonia
from North Macedonia

Member of JA Worldwide

ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ПРОГРАМАТА ЗА УЧЕНИЧКА КОМПАНИЈА

ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ



2022/23

Junior Achievement Macedonia +38971335428 e-mail: info@jamacedonia.mk www.jamacedonia.mk

Дигиталниот модул на е-учење за проектен менаџмент е дел од соработката меѓу ПМИЕФ и Џуниор Ачивмент Европа. Овој модул се спроведува во 21 земја низ Европа. Од септември 2022 модулот овој модул може да го следат учениците кои се дел од програмата за Ученичка Компанија на Џуниор Ачивмент Македонија.

Овој документ со инструкции е наменет за наставниците и/или волонтерите што го работат овој модул со нивните ученици. Модулот за е-учење е изготвен за возраст од 15 до 18 години. Сепак, материјалот може да се користи и со ученици на друга возраста. Во пет дела, учениците ќе дознаат повеќе за вештините за проектниот менаџмент и како да ги применат во рамки на своите претприемнички вештини:

Поглавје 1: Вовед во проектен менаџмент

Поглавје 2: Започнување/Иницирање на проект

Поглавје 3: Планирање на проектот

Поглавје 4: Спроведување, следење и контрола

Поглавје 5: Завршување на проектот

Учениците стекнуваат знаење за различните фази од проектниот менаџмент, како да го спроведат проектот од почеток до крај, различните обрасци и алатки што може да ги користат за време на реализацијата на проектот и како да соработуваат на демократски и правичен начин.

Учениците можат индивидуално да работат со дигиталниот модул или заедно со другите во класот. Модулот е наменет да се користи како вовед во проектен менаџмент, така што учениците ќе добијат увид за тоа што претставува проектниот менаџмент и ќе се стекнат со нови алатки, кои можат да ги користат и во иднина.

Временски комбинации:

Поглавјата 1, 2 и 3 се подолги од поглавјата 4 и 5. Најдобро е да се применува следниот распоред:

Поглавје	Ден на предавање	Потребно време
1	Ден 1	15 мин.
1	Ден 2	15 мин.
2	Ден 3	15 мин.
3	Ден 4	15 мин.
4+5	Ден 5	15 мин.

Поглавје 1: Вовед во проектниот менаџмент

Во поглавјето „Вовед во проектниот менаџмент“ учениците одблизу се запознаваат со тоа што всушност претставува проектен менаџмент и како да научат повеќе за различните фази од еден проект.

Совети пред да започнете:

Претставете ги вежбите со тоа што заедно со учениците ќе размислите за тоа во какви проекти тие веќе учествувале. Напишете ги на таблата. Вклучете сè што ќе помислите, од организација на роденденски забави, училиштен проект или други теми. Со тоа ќе почнете да им помагате на учениците да размислуваат за нивните способности поврзани со проектниот менаџмент, за кои тие самите претходно не сметале дека се важни во училиштен или во професионален контекст.

Имајте на ум дека темите како што е проектниот менаџмент се доста опширни и за некои од учениците целосно непознати.

Запознајте го тимот

Целиот модул за е-учење е изготвен преку приказна за учениците-претприемачи Сара, Марија, Денис и Никола. Тие заедно основаат компанија која им помага на постарите луѓе да се снабдат со намирници. Секое поглавје започнува со нивната приказна, за да се даде контекст на алатките за проектен менаџмент што тие ги користат и фазите во кои се наоѓаат.

Активност 1: Што е проект?

Делот започнува со прашања со избор на точниот одговор.

Во училиште и во слободното време користиме различни алатки за проектен менаџмент, често без притоа да размислуваме за тоа. Може да биде важно неколку алатки да им се нагласат на учениците, а многумина од нив може и воопшто да не знаат дека ги користеле тие алатки.

Да се биде добар организатор понекогаш може да се забележи во приватниот живот, но не и во училницата. Да се биде добар организатор може да се забележи пред некоја забава, но тоа никогаш не доаѓа до очите на наставникот.

Целта на овие прашања со избор на точниот одговор е да се нагласи тоа увидување и да се покаже дека секој, во некоја форма, има искуство со проектен менаџмент и дека овие вештини понекогаш се појавуваат во ситуации за кои учениците претходно не помислиле. Ова е индивидуална задача. Ако има неколку ученици, може да се групираат и потоа групно да се разговара за одговорите.

Активност 2: Клучни улоги во проектниот менаџмент

Сара ги објаснува различните улоги во тимот. Вашите ученици ќе треба да ги прочитаат речениците и да го поврзат името со точната реченица. Во текстот има доволно насоки за тие да можат брзо да ја решат задачата!

<< Крај на ден 1 >>

Активност 3: Процеси на проектниот менаџмент

Во оваа активност Никола ги објаснува различните процеси во проектниот менаџмент што ќе се обработат. Чекор по чекор ќе ги разгледате петте последователни процеси.

Учениците треба добро да читаат, затоа што ќе им бидат потребни одговорите за да ја решат зададената активност. За да се реши загатката, распоредете ги сликите со тоа што, преку нивно влечење, ќе ги поставите во точниот редослед.

Дополнителна активност за вклучување на учениците: поставете го прашањето: „Кои процеси сметате дека се најтешки и зошто?“. Накратко разговарајте за тоа со целиот клас и разгледајте ги различните одговори на учениците. Нагласете дека е позитивно што во вашиот тим има различни преференции. На овој начин ќе имате мотивиран член на тимот во секој процес на проектниот менаџмент.

Активност 4: Трите ограничувања

Денис ќе објасни дека во рамки на секој проект треба да ги земете предвид опсегот, буџетот и времето. Доколку еден елемент се промени, тогаш тоа ќе влијае и врз другите.

Дозволете им на учениците да ги прочитаат различните „промени“ и да дискутираат за какво ограничување станува збор.

<< Крај на ден 2 >>

Поглавје 2: Започнување/Иницирање на проект

Во поглавјето „Започнување/иницирање на проект“ подобро ја запознаваме групата ученици. Тие ќе нè водат преку различните фази на процесот на започнување.

Процесот на иницирање

Никола ги објаснува трите цели на проектниот менаџмент. Тој потоа продолжува со објаснување на некои основни прашања за подобро да го дефинира проектот.

Дефинирање на проектот: Основни прашања

Започнувате со некои основни прашања како „Зошто?“, „Кој?“, „Што?“, „Кога“, „Каде?“, „Како?“. Ова ќе им помогне да дознаат повеќе за бизнисот, кој учениците во дадениот пример го започнуваат.

Активност 5: Дефинирање на проектот

Во активноста, учениците треба внимателно да ја прочитаат секоја реченица и да размислат дали може да ја поврзат со горенаведеното прашање, составено од еден збор. Ако треба да им помогнете, поставете го следното прашање: „Ако ја прочитате реченицата на глас, тоа е одговор на конкретно прашање. Кое од гореспоменатите прашања би го одбрале?“

Активност 6: Дефинирање на засегнатите страни

Потоа, учениците продолжуваат со учење за идентификувањето на засегнатите страни. Во оваа активност некои од местата се оставени празни. Учениците треба да увидат која улога кому одговара. Имињата во наведената приказна на Марија, ги вклучуваат сите одговори. Вашите ученици треба да го повлечат точното име во точната колона. Адресите на електронската пошта се најлесни за решавање, односно штом ќе ги добиете сите имиња само спојте ги со нив.

Креирање формален документ за дефинирање на работите

Никола им објаснува на учениците што е проектен план и за што се користи. Нема активност поврзана со ова објаснување. Сепак, има можност да започнете разговор во врска со примената на овој формален документ за дефинирање на работите.

Прашајте ги учениците: Зошто е важно да креирате формален документ за дефинирање на работите?

Дел од одговорите би можеле да бидат:

- За да се добие појасна слика за тоа зошто се работи на проектот;
- За да се утврди кои се важните точки на напредок;
- За да се разбере кои се првичните претпоставки во проектот (каква пристрасност!);
- Какви ограничувања би можело да има пред започнувањето и дали сите се подготвени за појавата на ваквите ограничувања.

<< Крај на ден 3 >>

Поглавје 3: Планирање на проектот

Целта на поглавјето е да се научи повеќе за планирањето во рамки на проектниот менаџмент и поделбата на следните активности:

- Поделба на работата во активности;
- Утврдување на редоследот на приоритетните активности;
- Да се процени времето потребно за секоја активност и
- Да се назначат улоги и одговорности.

Планирање кога/како да се врши следење и контрола на проектот

Вашите ученици ќе научат повеќе за различните алатки, за да помогнат во процесот на планирање. Сара објаснува што всушност е процесот на планирање.

Креирање временски распоред на проектот

Марија ги разработува сите чекори за да креира соодветен временски распоред за тимот. Особено посветува внимание на разликите меѓу зависните и независните активности.

Активност 7: Структура за распределба на работата

Учениците ќе ги пополнуваат празните места во Образецот за распределба на работата, за да се разбере како тимот на „Намирничко“ го сторил тоа. Повлечете ги точните слики во точната „зона“. Користете го текстот за да разберете како изгледа текот на процесот.

Назначување улоги и одговорности

Оваа вежба учениците ја извршуваат со тоа што се консултираат со Матрицата за назначување одговорности, за да научат дека секој член од компанијата има свои одговорности.

Планирање кога, што и како ќе комуницирате

Сара објаснува дека сите членови на тимот и засегнатите страни ќе треба да добиваат редовни информации во текот на проектот. Во следниот дел од активноста ќе видите дека за тоа се направени и договори.

Прашајте ги учениците какви други договори може да се направат во рамки на групата, за да бидат задоволни и членовите на тимот и засегнатите страни.

Активност 8: Планирање ризик

Ќе завршиме со Матрицата за оцена на ризик на производот. Тука учениците треба да разберат кои „ограничувања“ се ставени на ризик, ако дојде до потенцијалниот инцидент. Оставете ги да разговараат за тоа која би можела да биде темата. Дали се „ресурси“, „време“, „опсег“ или „квалитет“? Или би можело да станува збор за комбинација?

Ученикот може да ги реализира овие активности самостојно или заедно со други ученици. Немате доволно време? Слободно поделете го класот во групи и на секој ученик дајте му различна активност. Разговарајте со учениците и оставете ги меѓусебно да си поставуваат прашања за да можат да увидат што научиле за процесот на планирање.

<< Крај на ден 4 >>

Поглавје 4: Спроведување, следење и контрола

Време за реализација! Учениците работеа и сега ќе го забрзаат темпото. Проектниот план ќе им служи како водич во ова поглавје.

Планирање кога и како да се врши следење и контрола врз процесот

Марија им објаснува на учениците кои се различните елементи од сложувалката наречена проект: буџет, ризици, опсег, главни одредници, документација и комуникација. Сите тие сега ќе се соединат.

Активност 9: Примена на алатките на проектниот менаџмент

Марија ја објаснува нивната најважна алатка во проектниот менаџмент, Trello. Во оваа фаза, алатката им помага да бидат во тек со сите активности што треба да ги завршат.

Помогнете им на учениците да креираат профил доколку веќе не го сториле тоа. Профилот може да се креира на https://trello.com/. Потоа ќе продолжат со тоа што ќе ја креираат нивната прва табла за проектот. Ќе додаваат различни колони, извештај за статусот, што да направат, што е во тек, што е во застој/мирување, што е направено, активности за следна недела, заостанати активности.

Тие можат да си ја изберат сликата што сакаат да им стои во позадина за да изгледа подобро!

Активност 10: Изготвување извештај за статусот

Секоја недела тимот на „Намирничко“ изготвува извештај за статусот, кој сите засегнати страни може да го погледнат. На овој начин секој кој е вклучен знае точно во која насока се движи проектот.

Помогнете им на учениците да направат свој извештај за статусот. Тие главно можат да пишуваат врз различните делови од сликата. Можат да ја подобрат сликата со тоа што ќе кликнат на неа.

Прашајте ги учениците: Што би можело да се промени во овој извештај за статусот, за малку да се влоши насоката на проектот?

Поглавје 5: Завршување на проектот

Време е да се заврши проектот! Тимот работеше напорно за да го реализира промотивниот настан за кој сонуваа и успеаја во тоа.

„УСПЕАВМЕ!“

Тимот им кажува на учениците дека сега е подготвен за завршниот процес. Ова е фаза која често се занемарува во текот на проектите. Важно е да се посветите и на постигнувањата и/или на извчечените поуки!

Завршен процес

Марија ги објаснува сите различни елементи во рамки на завршниот процес.

На пример, треба да се изготви завршна презентација за сите засегнати страни, да се соберат и сочуваат сите документи поврзани со проектот и да се стават во неговото портфолио за прикажување во иднина, да се утврди завршувањето на проектот и да се креира документ со „научени лекции“ , при завршувањето на сесијата за самооценување и оценувањето од другите во тимот.

Самооценување и оценување од тимот

Никола објаснува како се одвивала сесијата за оценување на колегите. Тој дава пример за тоа како може да се реализира оваа сесија. Доста едноставно, со тоа што ќе земете самолепливо ливче и ќе го изразите вашиот најсилен впечаток за конкретното лице. Исто така може да наведете и што би можело тоа лице да промени следниот пат.

Прашајте ги учениците: дали ви се допаѓаат сесиите за оцена од колегите и/или давање повратни информации? Зошто да, зошто не?

Активност 11: Пронајдете ги зборовите

Како завршна активност во рамки на ова е-учење, учениците може да го проверат своето знаење за клучните термини во кои се користат во проектниот менаџмент. Пронајдете ги сите зборови и со тоа ги завршувате поглавјата!

<< Крај на ден 5 >>

Дополнителна активност: Сретнете проектен менаџер

Младинското претприемништво (Young Entrepreneurship) повеќе од 30 години работи заедно со училиштата, за младите да веруваат во сопствените претприемнички способности. Убедени сме дека контактот со работниот аспект од животот и бизнисот е важен за лицето да се ориентира во општеството.

Организирањето студиска посета на проектен менаџер е одличен начин да се научи нешто повеќе. Оваа посета, заедно со помошта на наставниците, на младите луѓе ќе им даде можност да видат што е потребно за да се биде проектен менаџер.

Вашата улога како просветен работник е да бидете одговорни за класот и да се грижите за предавањата пред и по студиската посета. Улогата на проектниот менаџер е да ги пречека учениците „зад вратите“ и да им ја претстави сликата на еден проектен менаџер.

Целта на студиската посета е младите да се запознаат со професионалниот живот на еден проектен менаџер. Учениците треба да си заминат од средбата со познавање за тоа што значи да се биде проектен менаџер и да сфатат дека и тие самите имаат квалитети и можности да станат проектен менаџер.